Република Северна Македонија
Национална установа Центар за култура
"МАРКО ЦЕПЕНКОВ"
Бр. 02-241/18
18.07 2025 год.
Прилеп

Врз основа на член 13 од Статутот на НУ Центар за култура „Марко Цепенков" - Прилеп и член 77-ж од Законот за култура („Сл. весник на РМ" бр. 31/98, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16 и 11/18), а согласно со Годишниот план за вработување на Установата за 2025 г., бр 04-235/1 од 20.08.2024 година, директорот на НУ Центар за култура „Марко Цепенков" - Прилеп, на ден 18.07.2025 година донесе

**О Д Л У К А**
**за избор на кандидат по распишаниот јавен оглас бр. 1/2025 од 04.07.2025 година**

За вработување на 1 (едно) лице на неопределено време на работно место - **КУЛ 0402А01001 Работник за обезбедување,** за кој е предвидено средно образование, со или без работно искуство во струката, **се избира кандидатот Мартин Кебакоски.**

Именуваниот кандидат ќе биде вработен по конечноста на оваа Одлука, а за што ќе се донесе посебно Решение.

Оваа Одлука се објавува на веб страницата и огласната табла во НУ Центар за култура „Марко Цепенков" - Прилеп.

Одлуката стапува на сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на јавен оглас бр.1/2025 од 04.07.2025 година објавен на ден 04.07.2025 година во дневните весници: „Нова Македонија", „Вечер" и „Коха", како и на веб страната на НУ Центар за култура „Марко Цепенков" - Прилеп, Комисијата за селекција за вработување по јавен оглас, спроведе постапка за вработување на работно место КУЛ 0402А01001 Работник за обезбедување.

Комисијата за селекција за вработување спроведе административна селекција, спроведе проверка на веродостојност на докази и интервју.

Врз основа на резултатите од сите фази на селекција до директорот на НУ Центар за култура „Марко Цепенков" - Прилеп беше доставен Предлог за вработување на кандидат по јавниот оглас.

Врз основа на горенаведеното директорот на НУ Центар за култура „Марко Цепенков" - Прилеп, изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Правна поука:**

Против Одлуката незадоволниот кандидат има право во рок од 8 (осум) дена да поднесе жалба до Управниот одбор на НУ Центар за култура „Марко Цепенков" - Прилеп.

Доставено до:

- кандидати
- Архива
- Огласна табла и веб страна

**директор**
**на НУЦК „Марко Цепенков"- Прилеп**

**Марија Попова Јованоска**